**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 октомври 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,43 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше госпоѓа Светлана Јакимовска, попретседател на Собранието на Република Македонија.

**Сватлана Јакимовкса:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 24-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јован Манасиевски, Владимир Ѓорчев, Андреј Жерновски, Фиат Цаноски, Сулејман Рушити, Имер Селмани , Абедин Зумбери, Радмила Шеќеринска, Горан Минчев и Станка Анастасова ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 9-та и 12-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците?( нема)

Констатирам дека записниците од 9-та и 12-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог на Одлука за избор на членови на Анкетната комисија за утрдување на околностите за загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски; Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата за електронски комуникации; Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови на Советот на Собранискиот канал; Предлог на одлука за разрешување од фунцикјата заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци; Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во инетрепатралементарната унија; Предлог на одлѕука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател, попретседатели, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во парламентарниот Комитет за стабилизација и асоцијација и Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Предлозите ви се поделени.

Заради рационалност на Комисијта за прашања на изборите и именувањата, Илија Китаноски ќе ги образложи сите предлози, гласањето ќе го вршиме за секој од нив пооделно.

Го молам членот на Комисијата за изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор членот на Комисијата за прашања за избори и именувања, господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам госпоѓа потпретседател.

Почитувани колеги, во отсуство на претседателот на Комисијата за прашања за избори и именувања дозволете да ја образложам итноста на точките кои се предлагаат од страна на Комисијата за прашања за избори и именувањата. Значи со оглед на тоа дека Собранието на Република Македонија Одлуката за основање на Анкетна комисија по повод првиот предлог, Анкетна комисија за утврдување на околностите за загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски ја донесе во март 2008 година како и заради тоа што Комисијата за прашања за избори и именувања на седницата одржана на 2-ри октомври 2008 година сметам дека Собранието на оваа седница треба да ја разгледа и донесе одлуката. Имено, со донесувањето на предложената одлука за состав на Анкетната комисија се создаваат услови за почеток на работа на истата.

Понатаму, донесувањето на Одлуката за именување на членови на Комисијата за електронски комуникации на оваа седница на Собранието се предлага заради тоа што манадатот од три години предвиден за двајцата членови на Комисијата веќе е истечен поради што е потребен Собранието на Република Македонија на оваа седница да ја донесе истата одлука. Имено, со донесување на истата одлука ќе се комплетира состав на Комисијата за електронски комуникации. Ова дотолку повеќе што во Законот за електронски комуникации е предвидено доколку постапката за именување не е завршена пред истекот на мандато на претседателот и членовите на Комисијата чиј мандат е истечен тие ќе продолжат да ја вршат својата функција но не подолго од 6 месеци. И овој рок од 6 месеци истекува овие денови така да тоа е уште една причина за неопходноста од носење на оваа одлука на оваа седница на Собранието на Република Македонија.

Предлог одлуката за разрешување од функцијата заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци, се предлага на оваа седница заради тоа што досегашниот носител на оваа функција достави барање за свое разрешување. Со неговото разрешување на оваа седница се создаваат услови за распишување на јавен конкурс на наредната седница на

Собранието, согласно измените на Законот за зашита на личните податоци.

Дополнувањето на одлуката за состав на Советот на собраниското канал; дополнувањето на Одлуката за утврдување на составот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интрепарламентарната унија и изменување то и дополонувањето на Одлуката избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцоција, ги предлгам заради докомплетирање на составот на овие собраниски тела и делегации.

Именувањето на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, се предлага согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија и сметаме дека Собранието на оваа седница треба даја донесе истата. Благодарам.

(Пратениците на опозицијата бараат процедурално)

**Светлана Јакимовска:** Ќе добиете.

Предлогот на Комисијата, предлогот на Одлука за избор на членови на Анкетната комисија за утрдување на околностите за загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски, да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 60 пратеници, нема воздржани, нема против.

Го повикувам службите да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

За време на гласањето во салата беа присутнио 67 пратеници. Според тоа гласањето е валидно

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

(Пратениците од опозицијата реагираат и бараат процедурално)

Ќе добиете процедурално.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлука за именување на членови на Комисијата за електронски комуникации, да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 56 пратеници, нема воздржани, нема против.

Го повикувам службите да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

За време на гласањето во салата беа присутни 61 пратеник. Според тоа гласањето е валидно.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Ќе добиете процедурално.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови на Советот на Собраниското канал, да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Од место реагира и бара процедурално пратеничката Цветанка Иванова)

Вкупно гласаа 49 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 49 пратеници, нема воздржани, нема против.

Го повикувам службите да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

За време на гласањето во салата беа присутни само 60 пратеници. Според тоа гласањето не е валидно.

Процедурално госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Мислам дека реагирањето на колегите пратеници од парламентарното мнозинство требаше да биде многу пред тоа, не сега да реагираат.

Гопсоѓо потпретседателке, јас навистина сум изненадена од вашиот начин на постапување. Јас побарав процедурално уште во моменот кога господинот Илија Китаноски ја образлагаше итноста на правата одлука.

Согласно член 88 став 1: “Претседателот им дава збор на координаторот и заемниците на координаторот за процедурална реакција во моментот кога тоа го побараат”. Значи барањето за процедурална реакција има приоритет над се. Вие денес многу кратно го кршите Деловникот. Го прекршивте членот 88, не давајќи ми, како координатор на големата опозициона парламентарна група да реагирам процедурално. Го прекршивте Деловникот знаејќи дека во овој момент, или кога почна седницата во салата, нема известител на работното тело односно на Комисијата за избор и именување и дека согласно Деловникот само известителот, а тоа е член 129 ќе ви го читам - известител на работното тело по правило е претседателот, а за одделни точки од дневен ред работното тело може да определи и друг член за известител. Во моментов претседателот кој според Деловник е известител евидентно е дека не е присутен на седницата на Собранието. Исто така од материјалите што и имаме овде од Комисијата за избор и именување, нема Комисијата одредено по овие точки друг известител на работното тело, а согласно член 129 став 2 и 3 - ставот на работното тело не може да го менува никој ни известителот. Во моментов бидејќи работното тело не одредило заменик на известителот мислам дека не се исполнети условите по Деловникот, да работиме по овие точки, затоа што господинот Илија Китаноски нема легитимитет или не е овластен од работното тело да биде известител. И затоа знаејќи го вие тоа како правник, а сакајќи да ги протуркате овие точки на дневен ред направите неколку кратно

кршење на Деловникот. Јас мислам дека ви се случи еднаш кога бевме надвор од овој парламент. Немојте, особено вие како правник да постапувате на ваков начин и немојте надвор да кажувате дека сте за политички дијалог, а со начинот на кој што овде настапувате, практично ја занемарувате опозицијата. Сакале или не ние сме тука во овој паралмент, гледате, иако не ми дадовте збор се соочувате со фактите на вистината. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Ви благодарам и јас.

За процедурална интервенција се јави господин Николов Марјанчо, кој што е отсутен.

Понатаму за процедурална интервенција се јави господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам госпоѓа почитувана потпретседател, почитувани колеги пратеници.

Парламентарната група на ДУИ има потреба од дополнителни консултации во однос на дневниот ред, затоа парламентарната група на ДУИ бара еден час пауза врз основа на член 81 од Деловникот за работа. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Еден час пауза, значи 14,58 до 15,58.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,30 часот)

**Трајко Вељаноски:** Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови на Советот на собранискиот канал да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за предлогот гласаа сите 61, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за разрешување од функција заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 66 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за предлогот сите 65 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 67 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, од нив за предлогот гласаа сите 62 пратеника, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Горан Мисовски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за резултатите од истрагата во врска со падот на армискиот хелихоптер на 12 јануари 2008 година кај Катлановско Блаце во кое животот го загубија 11 мировници од Армијата на Република Македонија.

Го молам предлагачот да ја образложи основната и неодложна потреба Информацијата да биде разгледа на оваа седница.

Има збор пратеникот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, ќе се обидам во овие три минути да дадам кратко образложение за барањето кое што го имам поднесено до вас претседателе за проширување на дневниот ред.

Имено, во изминативе 17 години на самостојна и суверена Македонија се случија три трагични настани: атентатот на претседтелот Киро Глигоров, паѓањето на кингерот во кој што животот го загуби поранешниот претседател Борис Трајковски и падот на армискиот хелихоптер во кој што животот трагично го загубија 11 припадници мировници на Армијата на Република Македонија. Сите овие трагични настани останаа мистерија, без епилог, без завршница, иако државата формираше повеќе разно-разни комисии. За жал, продолжува правилото во Република Македонија како традиција, се она што сакате како настан, а за жал во овие три случаи како трагичен настан да нема епилог, формирајте комисија. Мислам дека е

конечно време да се запрашаме на кого во оваа држава му е во интерес настаните со трагичен епилог да немаат разврсница. Од тие причини како пратеник на Нова социјал демократска партија поднесов иницијатива за дополнување на дневниот ред за денешната седница со информација за резултатот во врска со падот на армискиот хелихоптер на 12 јануари 2008 година кај Катлановско Блаце во кое животот го загубија 11 мировници. Од 12 јануари 2008 година до денешен ден има молк од страна на владината комисија и од Владата на Република Македонија за текот на истрагата. Многу прашања што се клучни за расветлување на мистеријата зошто падна хелихоптерот МИ-17 сеуште се без одговор. Истрагата тапка во место, извештајот нема разврсница, а сеуште сме многу далеку од судски процес и судска разврсница. Итноста на информацијата е од причина што во написите во медиумите од 27 септември 2008 година се шпекулира дека Владината комисија која што е формирана токму од Владата за да ги испита околностите под кои што хелихоптерот падна на 12 јануари и животот го загубија 11 мировници, не е во состојба да ја финишира истрагата заради тоа што дел од документацијата во медиумите се шпекулира, тајните документи кои што можат да доведат до завршница на истрагата, се чувале во сефот во Министерството за одбрана. Од тие причини од исклучителна важност е Собранието да добие целосна информација од страна на Владата, да дебатира по истата и преку заклучоци да се обидеме да дојдеме до вистината.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на пратникот Горан Мисовски оваа информација да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника, од нив за гласаа сите 65 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.

2. Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата за електронски комуникации.

3. Предлог на одлука за дополнување на одлуката за избор на претседател и членови на Советот на собранискиот канал.

4. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

5. Предлог на одлука за утврдување на составот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија.

6. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

7. Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

8. Предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија.

9. Предлог за донесување на закон за Ратификација на Конвенцијата за признавање на европски патенти, со Предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Сојузниот министер за внатрешни работи на Република Австрија за полициска соработка, со Предлог на закон.

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија за поттикнување и заемна заштита на инвестиции, со Предлог на закон.

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за олеснување на издавањето визи, со Предлог на закон.

13. Предлог на закон за правната заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат условен пристап.

14. Предлог за донесување на закон за селекционерски права.

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, со Предлог на закон.

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог на закон.

17. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, со Предлог на закон.

18. Предлог за донесување на закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење, со Предлог на закон.

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот, со Предлог на закон.

20. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа по Договорот за заем по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија заради поттикнување на вработеноста, со Предлог на закон.

21. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон.

22. Информација за резултатите од истрагата во врска со падот на армискиот хелихоптер на 12 јануари 2008 година кај Катлановско Блаце во кое животот го загубија 11 мировници на Армијата на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување, или дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред, да се пријават за збор.

(Следи минута на чекање)

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 66 пратеници, од нив за предложениот дневен ред гласаа сите 66 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправата по точките од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот. Листата на пратеници не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известител на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија 10 минути, координаторот на пратничката група и предлагачот можат да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Ја прекинувам денешнава седница.

Продолжуваме со работа утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,46 часот)